# БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА КАКО СУШТИНСКИ ДЕЛ ЗА ПРОФИТАБИЛНОСТА НА КОМПАНИИТЕ

# THE SAFETY AND HEALTH AT WORK AS CONSTITUENT PART OF COMPANIES PROFITABILITY

**Doc. d-r. Miroslav Andonovski Faculty of Economy Prilep**
**Prof. d-r. Dimitar Nikoloski Faculty of Economy Prilep**
**Ph. D. Nadica Fotev Prorisk Skopje.**

**АПСТРАКТ**

Со воведувањето добар систем за безбедност и здравје во работата на деловниот субјект не само што се исполнуваат обврските што претпријатието ги има од правен и од социјален аспект туку се добиваат и одредени придобивки за поуспешен деловен резултат.

Дел од компаниите веќе долго време ја препознаваат важноста на нивниот имиџ и репутација во деловниот свет. Големите деловни субјекти се очекува постојано да демонстрираат повисоки стандарди на корпоративно управување. Комбинација на работење во пазарно управувана економија заедно со општество кое е свесно за ризиците што можат да настанат на работното место значи дека многу претпријатија имаат значителни придобивки направени од интегрирање на заштитата при работа во нивните комерцијални политики.

**Клучни зборови:** профитабилност, имиџ, репутација, економија, придобивки

**АННОТАЦИЯ**

При введении хорошей системы для безопасности и здоровья в работе делового субъекта не только выполняются обязательства, что предприятие имеет от правового и социального аспекта, но и получают и некоторые преимущества для успешного бизнес-результа. Некоторые компании ,уже давно признают важность своего имиджа и репутацию в деловом мире. Крупные деловые субъекты должны постоянно демонстрировать высокие стандарты корпоративного управления. Комбинация действующая в рыночной административной экономики совместно с обществом, которое осознаёт риски, которые могут возникнуть на рабочем месте, а это значит, что многие компании имеют значительную выгоду,которые сделаны от интеграции защиты при работе в их коммерческих политиках.

**Ключевые слова:** прибыльность, имидж, репутация, экономика,приобритение

**ABSTRACT**

By implementation of good safety and health system at work not only the legal and social obligations of the entity are fulfilled but also there are certain benefits for more successful result. Part of the companies have already recognized the importance of their profile and reputation in the business world. Major business entities are constantly expected to demonstrate higher standards at corporative management. A combination of working in market managed economy along with the society which is aware of the risks that may happen at work means that many entitities have many benefits by integration of protection at work in their commercial politics.

**Key words**: profitability, profile, reputation, economy, benefits

## Вовед

Целта на еден деловен субјект е да произведе производи или да понуди услуги за кои постои побарувачка на пазарот. За таа цел деловните субјекти ги избираат најекономичните алтернативи за производствениот процес или во процесот на давање  услуги. Главната функција на менаџментот е да донесува одлуки за секое ниво на овој процес коишто ќе ги детерминираат идните текови на акцијата. Клучен елемент за извршување на процесите се условите за работа. Доколку работата се извршува на работни места коишто не ги задоволуваат принципите за безбедност и здравје при работа,  тогаш може да се појават несреќи при работа, разни инциденти и сето тоа може да предизвика негативен ефект врз целиот процес на производство или процес на давање  услуги. Деловниот субјект треба да има информации за сите трошоци и бенефиции поврзани со безбедното работно место и да се поттикне развивање на здрава и безбедна работна средина на сите нивоа на дејствување.

## Контрола на активностите на деловниот субјект

Сите активности на еден деловен субјект се контролираат врз основа на финансиските информации. Затоа е многу битно да се дадат сите финансиски информации  за работењето во здрава и безбедна работна средина, и врз таа основа да се оценат трошоците коишто настанале од разни несреќи, отсуства од работа поради болест и слично. Лошите услови за работа можат да имаат негативен ефект врз работата на деловните субјекти преку зголемување на трошоците или намалување на продуктивноста, но спротивно на ова, со добри и со безбедни услови за работа може да се намалат трошоците и да се зголеми продуктивноста. Токму затоа не смее да се потцени вредноста од воведување на системот за безбедност и здравје при работа во еден деловен субјект. Развојот на работните услови кои, пред сè, се однесуваат на безбедноста при работа и подобрувањето на контролата на производството се фактори коишто директно влијаат врз намалувањето на загубите при производство и врз зголемената продуктивност, чијашто крајна цел е зголемување на профитабилноста. Освен тоа, се зголемува благосостојбата на работниците; тие се повеќе мотивирани за работа, а деловниот субјект е поатрактивен и поконкурентен на финансискиот пазар. Ако во еден деловен субјект има лоша безбедносна практика, тоа не значи дека се потребни големи финансиски средства за подобрување на состојбата. Често, и мала инвестиција во тој сегмент, како што е промена во организацијата на работата, или ергономските интервенции можат да дадат големи резултати. На пазарот с   повеќе се конкурентни деловните субјекти што имаат иновативни, разновидни и флексибилни работни места и работни места коишто тесно ги одразуваат и почитуваат потребите на вработените. Доколку на едно работно место се исполнети основните барања, на пр.: добри работни услови, безбедност на работното место, добар однос на релацијата вработен - работодавец, мотивираност на вработениот, тогаш деловниот субјект може да се фокусира на факторите што ќе ја зголемат продуктивноста и ефикасноста. Со добро организирање на системот за безбедност и здравје може да се подобрат условите за работа, како и продуктивноста. Подобрувањето на организацијата на работата и нејзиното поефикасно извршување најчесто  се прави без поголеми капитални инвестиции, а крајниот резултат е да се зголеми нивото на безбедност на вработените, нивото на дадени услуги и квалитетот на производите.

**Придобивки за работењето од добрата организација на безбедноста и здравјето во деловниот субјект**

Со обезбедување на адекватни организациски мерки може да се воспостави успешна контрола на опасностите при работа и професионални заболувања. Со оглед на фактот дека е речиси невозможно да се создаде совршен модел на организациска структура, со внимателно разгледување на предвидените предности и недостатоци на различните системи мора да се направи избор за да се дојде до оптимално решение. Водечки принцип при организацијата треба да биде умереноста и пристапот „чекор по чекор" кој секогаш е поуспешен од преамбициозниот модел кој, пак, не дозволува приспособување со промените коишто неминовно ќе настанат.

Со воведувањето добар систем за безбедност и здравје во работата на деловниот субјект не само што се исполнуваат обврските што претпријатието ги има од правен и од социјален аспект туку се добиваат и одредени придобивки за поуспешен деловен резултат. Тука, само по себе се наметнува прашањето: Зошто здравјето и безбедноста при работа претставуваат суштински дел од доброто работење?

Добро испланиран и воведен систем за безбедност и здравје при работа во еден деловен субјект значи дека деловниот субјект е општествено одговорен, ја штити и ја подобрува бренд сликата и бренд вредноста, ја зголемува продуктивноста на работниците, а со тоа се создава покомпетентна и поздрава работна сила, ги намалува трошоците на работењето и ја поттикнува работната сила да остане подолго време во активен живот. Секој деловен субјект може да ужива значителни придобивки преку инвестирање во безбедноста и заштитата при работа. Со едноставни подобрувања може да се зголеми конкурентноста, профитабилноста и мотивацијата на вработените. Спроведувањето на систем за управување со заштитата при работа во еден деловен субјект обезбедува ефикасна рамка за да се спречат или да се минимизираат несреќите при работа. Иако принципите на добрата организација на безбедноста и здравјето при работа се однесуваат на секоја организација, сепак комерцијалните политики можат да бидат многу различни за големите и малите деловни субјекти.

Дел од компаниите веќе долго време ја препознаваат важноста на нивниот имиџ и репутација во деловниот свет. Големите деловни субјекти се очекува постојано да демонстрираат повисоки стандарди на корпоративно управување. Комбинација на работење во пазарно управувана економија заедно со општество кое е свесно за ризиците што можат да настанат на работното место значи дека многу претпријатија имаат значителни придобивки направени од интегрирање на заштитата при работа во нивните комерцијални политики. Придобивките се гледаат од подобрување на сликата и угледот на деловниот субјект, доставување на општествена одговорност на претпријатијата, одржување и промовирање на довербата на инвеститорите и придобивање на нови акционери, како што е прикажано на слика 1.




Слика 1: Придобивки од добри БЗР практики

Од особено значење е вклучување на безбедноста и заштитата при работа во поширокото корпоративното управување, обезбедување на заштита при работа со адекватна процена на ризиците и мотивирање на други претпријатија да се направи интегрирање на заштитата при работа во нивните комерцијални политики.

Квалитетот и продуктивноста на работата играат важна улога во економскиот развој на деловниот субјект. Намалувањето на несреќите при работа и загрозување на здравјето, зголемување на производството и ефикасноста може да се следи како резултат на:

- подобрување на нивото на мотивација, соработка и моралот во работната сила,
- попродуктивни работници и поефикасни методи на работа,
- минимизирање на непланираните трошоци преку континуирано и ефективно планирање,
- подобрување на квалитетот на вработените преку регрутирање и задржување,
- намалување на премии за осигурување,
- намалување на потенцијална изложеност на кривични или граѓански судски постапки.

Затоа инвестирањето во безбедноста и заштитата при работа е инвестиција која несомнено се враќа, бидејќи е евидентно постоењето на јасна и директна врска помеѓу социјалното однесување на една корпорација и нејзината вкупна вредност.

## Влијание на БЗР врз малите и средните претпријатија

Исто така, многу мали и средни претпријатија почнуваат да ги признаваат трошоците од непостоењето или лошата организација на безбедноста и заштитата при работа и да ги согледуваат придобивките од добро интегрираниот систем за безбедност и заштита при работа. Ова најмногу се забележува во однос на исполнување на барањата на деловните клиенти или партнери за да добијат нови или да задржат веќе договорени деловни контакти, губење на клучниот персонал и мотивирање на вработените заради задржување на своето работно место. Зголемениот тренд на користење улуги од други компании, како и с поголемата осетливост на јавноста околу прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа, придонесоа голем број фирми при изборот на деловни партнери со кои склучуваат договори еден од клучните фактори да биде безбедното и здраво окружување.

Новите и растечки деловни субјекти бараат да се постигне одржлив раст на продуктивноста и ефикасноста, како и одржување на стабилноста и рентабилноста. Кон ова голем придонес има и интегрирањето на безбедноста и заштитата при работа во секојдневното деловно работење како дел од деловното планирање. Потребата од одговорно однесување на деловните субјекти, исто така, води кон барањата кои се поставени од страна на нивните деловни партнери или потенцијални инвеститори. Инвестирањето во добар систем за безбедност и заштита при работа ја зголемува конкурентноста на деловниот субјект, а воедно, се зголемува потенцијалот за задржување на постојните клиенти и освојување нов простор каде што би ги прошириле своите деловни активности.

Неквалитетен систем за безбедност и заштита при работа има непропорционално влијание врз малите деловни субјекти. Меѓутоа, деловните субјекти со инкорпориран добар систем за безбедно извршување на работните задачи во тековните деловни активности можат да ја зголемат продуктивноста и да добијат одредени бенефиции. Притоа се обезбедуваат побезбедни методи на работа кои на работниците им овозможуваат работата да ја извршат побрзо и со помалку луѓе, при што се намалуваат стапките на несреќи, инцидентите и нарушено здравје, се намалува отсуството од работа заради болест и се зголемува мотивацијата на вработените, а со тоа се задржуваат работните места на квалификуваниот персонал.

Пораката е јасна: добар систем на безбедност и заштита при работа придонесува за подобар финансиски резултат. Деловните субјекти во своите краткорочни и долгорочни деловни планови треба да ги вклучат и плановите за безбедно извршување на работните задачи и да се подигне свеста на клучните носители на одлуки во рамките на организацијата за важноста на безбедноста и здравјето при работа.

**Менаџментот и организациските уредувања**

На ова место се поставуваат повеќе прашања:

- Дали клиентите, инвеститорите или банките очекуваат одговорно и правилно да пристапувате кон ризиците?
- Дали бизнисот ќе биде нарушен ако се случи инцидент или несреќа на работното место?
- Дали губење на еден или повеќе членови од клучнот персоналот ќе му наштети на бизнисот?

Ако одговорот на кое било од овие прашања е позитивен, тогаш безбедноста и здравјето при работа веројатно претставуваат клучен бизнис фактор за успехот на компанијата.

Треба логично да се размисли за системите и постапките, започнувајќи со идентификување на местото каде што ќе се појави повреда или заболување, а потоа со воведување на соодветни мерки да се намалат или да се елиминираат можностите од таквите појави на соодветното работно место. Затоа, уште при воспоставување на системот за управување на безбедноста и здравјето при работа треба да се преземат и активности за планирање и развој. Значајно е да се истакне дека овој систем треба да има своја периодична ревизија и модификација. Менаџментот треба да вклучи организациски уредувања кои се приспособени на големината на претпријатието и на природата на неговата активност. Таквите уредувања треба да вклучат подготовка на работните постапки врз база на анализа на безбедноста на професијата. Во овој случај одговорното лице треба да го одреди најбезбедниот и најефикасниот начин за извршување на задачите. Најдобро е кога со сите активности на работното место ќе се интегрира и управувањето на безбедноста и здравјето при работа, бидејќи тоа не треба да се третира како посебен процес. Заедно со другите

системи за управување и деловните процеси на претпријатието треба да бидат вградени и различните функции и постапки за безбедноста и здравјето на работа.

Важно е работодавците со текот на времето да имаат увид во извршувањето на безбедноста и здравјето при работа за да проверат дали има континуирано подобрување во елиминирањето на повредите при работа и професионалните болести. Работодавците треба редовно да ја проверуваат имплементацијата на применливите стандарди за безбедност и здравје при работа со вршење на повремени систематски ревизии за безбедност. Покрај тоа, тие треба да водат и евиденција за безбедноста и здравјето при работа и за работната средина како што тоа го налага надлежниот орган односно Министерството за труд и социјална политика.

Придобивките од доброто водење на евиденцијата за едно претпријатие можат да бидат различни. Од евиденцијата претпријатието може да го процени економското влијание на несреќите во смисла на загубено време за производство, оштета на машините или суровините, одговорност за производот и зголемените премии платени на фонд за осигурување за надомест на работниците. Доколку ги има проценето економските последици и видови несреќи кои најчесто се случуваат на работното место, претпријатието може да ги идентификува професиите и процесите со „висок ризик" и во иднина да осмисли подобри стратегии за превенција од несреќи при работа заради нивно намалување или елиминирање. Врз основа на евиденцијата што претпријатието ја води во однос на безбедноста и здравјето при работа може да се утврди дали на некое работно место настанала несреќа. Од големо значење е на работното место на кое е распределен работникот претходно да не се случила несреќа или повреда. Работното место на кое не се случила несреќа го подобрува моралот на работниците, ги подобрува односите работник–менаџмент и води до зголемена продуктивност и помалку индустриски спорови.

## Заклучок

Јавниот имиџ на претпријатието се подобрува доколку има помалку или воопшто нема несреќи и повреди на работното место. Од јавниот имиџ и „добриот глас" за претпријатието зависи и како тоа ќе котира помеѓу потенцијалните инвеститори, деловните субјекти и општеството воопшто. Се поголем е бројот на работодавци со т.н. проактивна култура на безбедност и здравје при работа кои ја препознаваат важноста од добро интегрираниот систем за безбедност и здравје при работа и одат чекор понатаму со што перманентно го унапредуваат целиот систем за безбедност и здравје при работа, а безбедното извршување на работните активности се дел од нивната политика на работење.

## Користена литература


1. Фотев Н. „Безбедноста и здравјето при работа во функција на профитабилноста на компаниите" Магистерски труд Прилеп 2013
2. Шуклев Б. "Менаџмент на малите бизниси" Економски факултет Скопје 2006
3. Спасић, Д. , "Економика заштите на раду". Ниш, 2003
4. Г. Витанова, „Финансиски пазари и институции", Економски факултет - Прилеп 2003
5. Petersen, D.: "Safety Management: A Human Aproach" – American society of safety engineers 2004.
6. http://osha.europa.eu/topics/business/performance